Машински факултет
Број 02-728/1
31.03.2016 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Пречистен текст (Универзитетски гласник број 282/2014), на предлог од Продеканот за наставна дејност, Наставно-научниот совет на Факултетот на 46-та редовна седница одржана на 31 март 2016 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за определување на условите за циклично запишување на предметите пракса/интердисциплинарен проект и дипломска работа на студиските програми од прв циклус на студии воведени во учебната 2012/2013 година на Машински факултет во Скопје

I

Со оваа одлука им се дава право на циклично запишување на наставни предмети на студентите на прв циклус на студии на Машинскиот факултет во Скопје, кои студираат на четиригодишните и тригодишните студиски програми воведени во учебната 2012/2013 година.

Правото на циклично запишување на наставни предмети подразбира право на запишување и следење на наставен предмет од летен во зимски семестар и обратно.

II

Право на циклично запишување на наставни предмети се дава за предмети од VII и VIII семестар на студиските програми ПИ, ТМЛ, ТИ, ХИМВ, МСКИ, ИИМ, ЕЕ, МХТ и АУС, односно од VI и VIII семестар на студиската програма МВ на четиригодишните студии, и на наставни предмети од V и VI семестар на студиските програми ИНД и ДК, односно од III и VI семестар на студиската програма ПИнф на тригодишните студии.

Правото на циклично запишување на наставни предмети од став 1 на овој член го имаат студентите кои **повторително запишуваат завршна година на студии**.

## АКАДЕМСКИ ЧЕТИРИГОДИШНИ СТУДИИ

III

На академските четиригодишни студиски програми правото на циклично запишување се дава за предметите:

- Дипломска работа од летен (VIII) семестар со 10 ЕКТС.
- Пракса/Интердисциплинарен проект од зимски и летен (VII и VIII) семестар на сите студиски програми освен на МВ, односно од летен (VI и VIII) семестар на студиската програма Моторни возила со 6 ЕКТС.

IV

**Право на циклично запишување на предмети во повторителен зимски (VII) семестар**, за предметите **дипломска работа и пракса/интердисциплинарен проект од осми на сите студиски програми освен на МВ, односно од шести и осми семестар на СПМВ** се дава под следниве услови:

- задолжително да се запише зимски семестар во тековната учебна година;
- оптоварувањето на студентот во зимскиот семестар заедно со 10 ЕКТС предвидени за предметот дипломска работа и со 6 ЕКТС, односно 12 ЕКТС на СПМВ предвидени за предметот-ите пракса/интердисциплинарен проект да не надминува 35 ЕКТС;
- до запишување на предметот дипломска работа студентот да има освоени најмалку 200 ЕКТС;
- заостанатите обврски од летен семестар да се однесуваат само на полагање на испити (студентот нема заостанати обврски за добивање потпис по предмети од летен семестар).

V

Студентите кои со правото на циклично запишување во повторителен зимски семестар го запишуваат или презапишуваат:

- **само предметот дипломска работа**, како единствен заостанат предмет од студиската програма, по истекот на **пет работни седмици** и исполнувањето на обврските од 10-те ЕКТС предвидени за добивање потпис за предметот, можат да ја пријават и бранат дипломската работа;
- **предметот дипломска работа и еден предмет пракса**/интердисциплинарен проект, како единствени заостанати предмети од студиската програма, по истекот на **осум работни седмици** и исполнувањето на обврските од 10-те ЕКТС предвидени за добивање потпис за предметот дипломска работа и на обврските за освојување на 6-те ЕКТС за предметот пракса/интердисциплинарен проект, можат да ја пријават и бранат дипломската работа;
- **предметот дипломска работа и двата предмети пракса**/интердисциплинарен проект, како единствени заостанати предмети од студиската програма, по истекот на **единаесет работни седмици** и исполнувањето на обврските од 10-те ЕКТС предвидени за добивање потпис за предметот дипломска работа и на обврските за освојување на 12-те ЕКТС за предметите пракса/интердисциплинарен проект, можат да ја пријават и бранат дипломската работа.

VI

Студентите кои нема да добијат потпис по предметите кои ги запишале и следеле во зимскиот семестар во тековната учебна година, како и студентите кои нема да ги положат заостанатите предмети од летен семестар заклучно со зимската испитна сесија (јануарска), при запишувањето на летниот семестар во тековната учебна година **имаат обврска** да го презапишат предметот дипломска работа.

При запишувањето на летниот семестар во тековната учебна година студентите **го губат правото** на циклично запишување или презапишување на предметот пракса/интердисциплинарен проект од седми семестар доколку нема да добијат потпис по најмалку еден предмет од предметите кои ги запишале и следеле во зимскиот семестар во тековната учебна година.

VII

**Правото на циклично запишување на предмети во повторителен летен (VIII) семестар**, за предметот **пракса/интердисциплинарен проект од седми семестар на сите студиски програми освен на МВ** се дава под следниве услови:

- задолжително да се запишат зимски и летен семестар во тековната учебна година;
- оптоварувањето на студентот во зимскиот семестар заедно со 6 ЕКТС за предметот пракса/интердисциплинарен проект од седми семестар да надминувал 35 ЕКТС;
- оптоварувањето на студентот во летниот семестар заедно со 6 ЕКТС за предметот пракса/интердисциплинарен проект од седми семестар да не надминува 35 ЕКТС.

VIII

Одредбите од член V од оваа одлука соодветно се применуваат и при остварување на правото на циклично запишување на наставни предмети во повторителен летен семестар.

IX

Студентите, во зимскиот семестар во наредната учебна година **го губат правото** на циклично запишување или презапишување на предметот пракса/интердисциплинарен проект од осми семестар доколку нема да добијат потпис по најмалку еден предмет од предметите кои ги запишале и следеле во повторителниот летен семестар во претходната учебна година.

## АКАДЕМСКИ ТРИГОДИШНИ СТУДИИ

X

На академските тригодишни студиски програми правото на циклично запишување се дава за предметите:

- Дипломска работа од летен (VI) семестар со 6 ЕКТС.
- Пракса/Интердисциплинарен проект од зимски и летен (V и VI) семестар на студиските програми ИНД и ДК, односно од зимски и летен (III и VI) семестар на СППИнф со 6 ЕКТС.

XI

**Право на циклично запишување на предмети во повторителен зимски (V) семестар**, за предметите **дипломска работа и пракса/интердисциплинарен проект од шести семестар на сите студиски програми** се дава под следниве услови:

- задолжително да се запише зимски семестар во тековната учебна година;
- оптоварувањето на студентот во зимскиот семестар заедно со 6 ЕКТС предвидени за предметот дипломска работа и со 6 ЕКТС предвидени за предметот пракса/интердисциплинарен проект да не надминува 35 ЕКТС;
- до запишување на предметот дипломска работа студентот да има освоени најмалку 140 ЕКТС;
- заостанатите обврски од летен семестар да се однесуваат само на полагање на испити (студентот нема заостанати обврски за добивање потпис по предмети од летен семестар).

XII

Студентите кои со правото на циклично запишување во повторителен зимски семестар го запишуваат или презапишуваат:

- **само предметот дипломска работа**, како единствен заостанат предмет од студиската програма, по истекот на **три работни седмици** и исполнувањето на обврските од 6-те ЕКТС предвидени за добивање потпис за предметот, можат да ја пријават и бранат дипломската работа.
- **предметот дипломска работа и еден предмет пракса**/интердисциплинарен проект, како единствени заостанати предмети од студиската програма, по истекот на **шест работни седмици** и исполнувањето на обврските од 6-те ЕКТС предвидени за добивање потпис за предметот дипломска работа и на обврските за освојување на 6-те ЕКТС за предметот пракса/интердисциплинарен проект, можат да ја пријават и бранат дипломската работа.
- **предметот дипломска работа и двата предмети пракса**/интердисциплинарен проект, како единствени заостанати предмети од студиската програма, по истекот на **девет работни седмици** и исполнувањето на обврските од 6-те ЕКТС предвидени за добивање потпис за предметот дипломска работа и на обврските за освојување на 12-те ЕКТС за предметите пракса/интердисциплинарен проект, можат да ја пријават и бранат дипломската работа.

XIII

Студентите кои нема да добијат потпис по предметите кои ги запишале и следеле во зимскиот семестар во тековната учебна година, како и студентите кои нема да ги положат заостанатите предмети од летен семестар заклучно со зимската испитна сесија (јануарска), при запишувањето на летниот семестар во тековната учебна година **имаат обврска** да го презапишат предметот дипломска работа.

При запишувањето на летниот семестар во тековната учебна година студентите **го губат правото** на циклично запишување или презапишување на предметот пракса/интердисциплинарен проект од петти семестар на СПИНД и СПДК, односно од трети семестар на СППИнф доколку нема да добијат потпис по најмалку еден предмет од предметите кои ги запишале и следеле во зимскиот семестар во тековната учебна година.

XIV

**Правото на циклично запишување на предмети во повторителен летен (VI) семестар**, за предметот **пракса/интердисциплинарен проект од петти на СПИНД и СПДК, односно од трети семестар на СППИнф** се дава под следниве услови:

- задолжително да се запишат зимски и летен семестар во тековната учебна година;
- оптоварувањето на студентот во зимскиот семестар заедно со 6 ЕКТС за предметот пракса/интердисциплинарен проект од петти семестар, односно од трети семестар на СППИнф да надминувал 35 ЕКТС;
- оптоварувањето на студентот во летниот семестар заедно со 6 ЕКТС за предметот пракса/интердисциплинарен проект од петти, односно од трети семестар на СППИнф да не надминува 35 ЕКТС.

XV

Одредбите од член XII од оваа одлука соодветно се применуваат и при остварување на правото на циклично запишување на наставни предмети во повторителен летен семестар.

XVI

Студентите, во зимскиот семестар во наредната учебна година **го губат правото** на циклично запишување или презапишување на предметот пракса/интердисциплинарен проект од шести семестар на сите студиски програми доколку нема да добијат потпис по најмалку еден предмет од предметите кои ги запишале и следеле во повторителниот летен семестар во претходната учебна година.

XVII

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од учебната 2016/2017 година.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, огласна табла, веб страна, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Република Македонија
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ